РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МУЗЕЈ ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 04-76/10
23.12.2021 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на 174 ст.1 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на Р.М бр.124/2015),. чл.52 ст.1 од Законот за Административни службеници (Сл.Весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), а согласно Предлог одлуката со бр. 04-76/9 од 22.12.2021, в.д. директорот на Национална установа Музеј-Гевгелија, на ден 23.12.2021 ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### за избор за унапредување

1. За работното место **Самостоен референт** со шифра КУЛ 01 02 Г01 004 ниво ГО1 звање **Самостоен референт главен благајник** во Одделението за заеднички и општи работи во рамки на Административната служба, се врши избор за унапредување на административен службеник по интерен оглас 1/2021 од 17.12.2021 год. и се избира
   **-Михаела Дојчинова** со ЕМБГ 1607980487038 и место на живеење на ул. Деко Ковачев бр.229.Гевгелија.
2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страницата на институцијата.
3. Именуваната ќе биде распоредена на работното место под точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за распоредување на административен службеник.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Национална установа Музеј Гевгелија согласно усвоениот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј Гевгелија со бр.01-59/1 од 30.06.2021 година, како и измената на Годишниот план за вработување за 2021 година со бр.01-58/2 од 08.07.2021 година и позитивно мислење од МИОА со бр.09-2851/4 од 03.08.2021, и добиено известување за обезбедени финансиски средства согласно со членот 30 став (5) од Законот за административни службеници од Министерството за финансии со архивски број 18-10399/2 од 10.12.2021 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување интерен оглас со бр.1/2021од 17.12.2021 год., како и барање за номинација на членови од Агенцијата за администрација со бр.04-76/2 од 15.12.2021 година.

Со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување по интерен оглас бр 1/2021 17.12.2021 година, в.д. директорот на НУМГ формира Комисија за селекција за унапредување со бр.04-76/7 од 21.12.2021 год.

Комисијата за селекција за унапредување согласно Законот за административни службеници спроведе административна селекција по интерен оглас и достави Записник со бр.04-76/8 од 22.12.2021 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто за унапредување на административен службеник и бодирањето, Комисијата изготви Записник бр.**04-76/9 од 22.12.2021** со конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог одлука за работното место: **Самостоен референт** со шифра КУЛ 01 02 Г01 004 ниво ГО1 звање **Самостоен референт главен благајник** во Одделението за заеднички и општи работи во рамки на Административната служба.

Врз основа на Предлог одлука за унапредување, в.д. директорот на Национална установа Музеј Гевгелија донесе одлука за унапредување како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на огласната табла и интернет страница на институцијата.

Доставено до:

- кандидатот за унапредување,
- огласна табла,
- архива

Гевгелија, 23.12.2021 год.

Изготвил: Цеца Танчевска

в.д. Директор,
Бобан Хусеновски

Република Северна Македонија
Национална установа МУЗЕЈ Гевгелија
Примено: 23.12.2021

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 04 | 76/11 | | |


До
в.д. Директор на НУ Музеј Гевгелија
Бобан Хусеновски

# ИЗЈАВА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПРАВО НА ЖАЛБА

Во врска со Одлуката за избор на кандидат бр.04-76/10 од 23.12.2021 година, во постапката по Интерен оглас 1/2021 од 17.12.2021 година, Изјавувам дека како единствен кандидат на интерниот оглас, се откажувам од правото на жалба на Одлуката, и барам согласно член 16 ст. 2 од ЗОУП според кој „Управниот акт станува правосилен и доколку странката се откаже од правото на жалба“ , Одлуката да стане веднаш правосилна.

Со почит,

23.12.2021, Гевгелија

Подносител

Михаела Дојчинова